# ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ — акварели 1982 — 1983
# VANGEL NAUMOVSKI — watercolors



музеј на современата уметност, скопје
museum of contemporary art, skopje
15 — 25. 03. 1983

Со акварелите изложени на оваа изложба, чие создавање го опфаќа периодот од октомври 1982. до февруари 1983., Вангел Наумовски направи пресврт во своето творештво. активирајќи многу проблемски прашања околу ревалоризирањето на неговото сликарство и изнајдување на соодветно место во контекстот на современата ликовна уметност. Во секој случај, акварелите на Наумовски се нови ликовни знаци на авторот. Неговиот „хепенинг“ на наивноста одамна е завршен, отстапувајќи ѝ го местото на новата митологија на современиот живот. Акварелните арабески, низ кои ја изразува фантастичната метафорика на сопствената поетика, не треба толку да се бараат во претходните дела, колку во авторовата љубов кон природата и животот, од каде, како од вулкан избувнуваат и течат непредвидливи форми со сугестивна сила и невообичаени комуникации со надворешниот свет.

Како што во почетокот смело и ненадејно ги наметна новите форми и колоритот, новата, редуцирана ликовна формулација без некоја особена увертира, така и оваа фаза претставува нужна потреба на авантуристот: откривање на нова „планета“, која „вечниот скитник“ бавно ја населува со живот. Овој нов момент е само еден непредвидлив миг во ликовното комуницирање на Наумовски, проникнат од оптимизмот на веселиот истражувач кој го најде она по што трагаше . . .

Инвентарот на езерските длабочини му послужи како извор за пронаоѓање на сопствени форми кои се издигнаа над контекстот на асоцијативното и препознатливото и ја продолжија својата независна егзистенција, во која процесот на надградбата се одвиваше во имагинарната, слободна игра на потези и бои. Во тој виртуозен валцер во кој има нешто од револтот на некогаш потиснатата личност, изразен е уште еден важен момент — слободата на духот. Смелите вибрации на боите, во кои една до друга „пријателски“ стојат незамисливи комбинации, имаат опсежна чувствителна резонанца, која сугестивно се пренесува на набљудувачот барајќи во него свој комплиментар. Во процесот на постојаното движење, развитокот и модифицирање, овие дела се збир на нови, случајни, интуитивни промени и во таа смисла носат во себе нешто од недоискажаното, што во неисцрпниот фундус на ликовното изразување почнува со повторно барање на одговор на предизвикувачката белина на фонот. Неговата витална природа им вгради на овие творби дел од збирот на поединечните моменти од неговиот живот. Но, тие имаат свој личен „опстанок“, своја духовна содржина од која зрачи оптимистичката насмевка на Наумовски.

Акварелите се едно „тивко“ и радосно враќање кон чистата емоција, на оние први, драги чекори што будат носталгични сеќавања на детството и првите возбудливи ликовни авантури. Маслата на Наумовски е една „мала“ дигресија и голем излет помеѓу раните и сегашните акварели, од кој Вангел се враќа дома збогатен со едно големо искуство. Тоа искуство го наметнува цивилизацијата која „се повеќе го оддалечува човекот од неговата нагонска потка, така што се создаде јаз помеѓу природата и духот, помеѓу несвесното и свеста. Тие психози ја карактеризираат психичката состојба која бара излез во модерната уметност“. (А. Хаузер)

Дали Вангел го пронашол тој излез и на која врата, ќе остане уште долго да се испитува . . .

Во својата достоинствена изолираност тој, сепак мораше, сакајќи го тоа или не, свесно или несвесно, да ја научи обецедата на своето време, и на својата публика да ѝ даде слика за која таа е способна. Но, еднаш научената азбука ќе даде илјада комбинации на зборови чија изразност и квалитет дополнително ќе бидат утврдени. Изморен од прецизните исликувања на слободните флорални асоцијации, на несогледливиот рај на природата, Наумовски му даде слобода на срцето, препуштајќи ѝ на имагинацијата да испишува нова калиграфија од изворите на радоста и уметноста на живеењето.

Во процесот на зголемувањето на „неразбирливоста“ (за што денеска имаме јасни визуелни искуства), се усложнува нивниот однос кон стварноста и со тоа впечатокот што го имаме станува воедно сознание и илузија. Како надомест за „изгубената“ јасност (во однос на релативната конкретност на поранешните дела), акварелите „добиваат“ во енергија и сетилна привлечност. Прашање е дали публиката ќе има „нерв“ посилно да го почувствува она што го добива, од она што го губи. Ако овие презентирани дела предизвикаат еднакво страсно „да“ или „не“, жестокост во одушевувањето или отфрлувањето на низните вредности, со еден збор, ако публиката е погодена, разбранувана и вознемирена . . . тогаш Вангел Наумовски ја постигнал својата цел, зошто „ . . . обично негативната занесеност не е ништо помалу силна од позитивната . . .“

Викторија Васев Димеска

**КАТАЛОГ**

**CATALOGUE**

1. **Сончево предпладне, 1982**
   Sunny morning
   36 x 35,5
2. **Брезовските огнови, 1982**
   Fires in Brezovo
   36 x 35,5
3. **Разведрување, 1982**
   Clearing up
   37,4 x 35,2
4. **Летно пладне, 1982**
   Summer noon
   35,4 x 36,2
5. **Уф, 1982**
   Wow
   35,4 x 27,2
6. **Црвена возбуда, 1982**
   Red excitement
   27 x 22,5
7. **Длабока есен, 1982**
   Deep autumn
   25 x 21
8. **Скребатска шума, 1982**
   Screbat forest
   35 x 40
9. **Летна песна, 1982**
   Summer song
   35 x 38,4
10. **Топли дождови, 1982**
    Warm rains
    42,5 x 35,5
11. **Бакарно минато, 1982**
    Copper past
    24 x 24,5
12. **Влажни движења, 1982**
    Wet movements
    23,5 x 23,5
13. **Жолта врева, 1982**
    Yellow noise
    27,7 x 27,7
14. **Нежна душа, 1982**
    Gentle soul
    33 x 34,3
15. **Магија, 1982**
    Magic
    33 x 31,5

16. **Топла душа, 1982**
Warm soul
35 x 34,4

17. **Градината на мојата жед, 1982**
The garden of my thirst
27,3 x 35,3

18. **Добрина, 1982**
Goodness
25 x 17,6

19. **Чедна оаза, 1982**
Virtuous oasis
29,5 x 36,5

20. **Воскресение, 1982**
Resurrection
40 x 33

21. **Место за сите времиња, 1982**
The place forever
33,5 x 40

22. **Целиот свет, 1982**
The who world
33,5 x 40

23. **Жолта симфонија, 1982**
Yellow simphony
25 x 35,5

24. **Времето на спокојот, 1982**
The time of the tranquillity
25 x 35,4

25. **Топла драма, 1982**
Warm drama
30 x 33,5

26. **Храмот на мојата душа, 1982**
The temple of mu soul
25 x 35,4

27. **Азиско време и простор, 1982**
Asian time and space
30 x 33,4

28. **Облачно време, 1982**
Cloudy weather
24,2 x 23

29. **Африка, 1982**
Africa
48,5 x 56,7

30. **Шафран, 1982**
Saffron
46 x 62,2

31. **Златно време, 1982**
Golden time
48,5 x 67,5

32. **Марконуле, 1982**
Marco's tower
48,5 x 67,5

33. **Бела врева, 1982**
White noise
48,5 x 67,5

34. **Црвена вода, 1982**
Red water
48,5 x 67,5

35. **Цивилизација, 1982**
Civilization
48,5 x 67,5

36. **Врбови вирој, 1982**
Willow whirlpools
48,5 x 67,5

37. **Сончевата мајка, 1982**
The sun mother
67,5 x 48,5

38. **Весели води, 1982**
Merry waters
67,5 x 48,5

39. **Дебело поле, 1982**
Fat field
48,5 x 67,5

40. **Една дефиниција, 1982**
A deffinition
48,5 x 67,5

41. **Вулканско цвеќе, 1982**
Volcano flower
67,5 x 48,5

42. **Вечност, 1982**
Eternity
48,5 x 67,5

43. **Едно место, 1982**
A place
48,5 x 67,5

44. **Калишча, 1982**
Muds
48,5 x 67,5

45. **Мојата градина, 1982**
My garden
48,5 x 67,5

46. **Висока вода, 1982**
High water
67,5 x 48,5

47. **Високо време, 1982**
High time
67,5 x 48,5

48. **Водена игра, 1982**
Water game
67,5 x 48,5

49. **Паралелни времиња 1982**
Parallel times
67,5 x 48,5

50. **Студенчишта, 1982**
Studenchishta
48,5 x 67,5

51. **Водена катедрала, 1983**
Water cathedral
48,5 x 67,5

52. **Зелена арена, 1983**
Green arena
48,5 x 67,5

53. **Ениџе вардар, 1983**
Enije Vardar
48,5 x 67,5

54. **Цветот на големиот трн, 1983**
The flower of the big thorn
67,5 x 48,5

55. **Пијано време, 1983**
Drunken time
67,5 x 48,5

56. **Есенска симфонија, 1983**
Autumn simphony
67,5 x 48,5

57. **Глобочица, 1983**
Globochica
40 x 70

58. **Сахара, 1983**
Sahara
48,5 x 67,5

59. **Перуника, 1983**
Iris
48,5 x 67,5

60. **Срцето на сонцето, 1983**
The heart of the sun
48,5 x 67,5

61. **Инсект, 1983**
Insect
48,5 x 67,5

62. **Ниска вегетација, 1983**
Low vegetation
48,5 x 67,5

63. **Египет, 1983**
Egypt
67,5 x 48,5

64. **Демир-капија, 1983**
Demir-Kapija
67,5 x 48,5

65. **Бара, 1983**
Swamp
67,5 x 48,5

66. **Летни дождови, 1983**
Summer rains
67,5 x 48,5

67. **Вегетација, 1983**
Vegetation
70 x 29,6

68. **Свадбарско магаре, 1983**
Wedding donkey
67,3 x 48,4

69. **Рајот и пеколот, 1983**
The heaven and the heel
48,4 x 67,3

70. **Диви ветрови, 1983**
Wild winds
48,4 x 67,3

издавач: музеј на современата умет-
ност, скопје

одговорен уредник: соња абаџиева
димитрова

организација на изложбата: мсу,
скопје

печатница: гоце делчев, скопје

тираж: 300